Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-479/4

07-08-2026 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-523/1 од 23.06.2025 година, поднесена од ----- од Скопје против Судски совет на РСМ, за сторена дискриминација во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз ----- од Скопје врз основ на етничка припадност и лично својство и општествен статус во областа на правосудство и управа од страна на Судскиот совет на РСМ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 23.06.2025 година ----- од Скопје, со адреса на бул. -----, поднесе Претставка бр. 08-523/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата).

Подносителот бара утврдување на дискриминација врз него, сторена врз основ на етничка припадност и лично својство и општествен статус, од страна на Судскиот совет на РСМ, а во врска со избор на судии на Апелационен суд Скопје, граѓанска област. Имено, како што наведува, со одлука на Судскиот совет на РМ бр. ----- од ----- година, подносителот бил избран за судија на Основниот суд -----. Додека, со одлука на Судскиот совет на РСМ донесена на ------та седница на ден ----- година, бил избран за -----. Во Службен Весник на РСМ бр. ----- од -----година бил објавен јавен оглас за избор на 10 (десет) судии на Апелациониот суд Скопје, од кои 6 (шест) судии за граѓанска област и 4 (четири) судии за кривична област. Во моментот на пријавување на овој јавен оглас, подносителот ја вршел функцијата ----- на ----- (во натамошниот текст: „----- " или „----- "), на која функција бил именуван со Одлука бр. -----од -----2021 година на -----, за време од четири години. Поради тоа, со решение на Судскиот совет на РСМ бр. ----- -----година, било утврдено -----, за време додека ја врши функцијата -----, и по истекот на мандатот за кој бил именува да има право да се врати во Основен суд -----. Откако Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд, во конкретниот случај Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област, извршила проверка на навременоста на пријавата и комплетноста на документите и утврдила дека нема

законска пречка за кандидирањето на подносителот поврзана со околноста дека во моментот на кандидирањето ја вршел функцијата ----- на -----, ја прифатила пријавата и следствено на тоа подносителот бил повикани упатен на спроведување на психолошкиот тест за проверка на социјалните способности и тестот за интегритет за проверка на етичките и моралните вредности, сето тоа на сопствен трошок. Продолжувајќи со активниот пристап по однос на објавениот оглас, иако во меѓувреме продолжил да ја врши функцијата ----- на -----, незадоволен од рангирањето по Предлог ранг-листата на кандидати за избор на 6 (шест) судии на Апелационен суд Скопје, за граѓанска област, до Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд при Судскиот совет на РСМ, подносителот поднел жалба на ден -----.
До поднесувањето на жалбата поминало повеќе од една година од денот на објавувањето на огласот. На ден ----- година, односно 7 (седум) дена пред објавувањето на јавниот оглас за именување на ----- на -----, со Одлука бр. ----- од -----година на Управниот одбор на -----, во кое членува и членот номиниран од -----, кој воедно е и член на -----, бил утврден престанок на мандатот на подносителот како ----- на -----, заклучно со ден -----година.
На ден ----- година, односно 6 (шест) дена пред истекувањето на мандатот како -----, во Службен Весник на РСМ бил објавен јавен оглас за именување на ----- на -----. Во ситуација кога сметано од јануари 2022 година, подносителот заедно со семејството живее во Скопје и неговата сопруга е вработена на неопределено време во ----- Скопје, а неговите три малолетни деца посетуваат настава во -----, потоа, во немање законска пречка и/или ограничување, како и во немање предвидливост кога би можело да се врши изборот на 6 (шест) судии на Апелационииот суд Скопје, за граѓанска област, а претходно немало никакво навестување кога би можел да се врши изборот по огласот објавен на -----година, на ден ----- година сега веќе како судија во Основниот суд -----, со оглед дека од претходно на ден -----година му истекол мандатот по прв пат, подносителот се кандидирал за именување за ----- на -----, по втор пат. До моментот на кандидирање поминало повеќе од една година и три месеци од денот на објавувањето на огласот.
Откако стапил на функцијата ----- на -----, почнувајќи од ----- година, а сеуште не бил извршен изборот на 6 (шест) судии на Апелационен суд Скопје, за граѓанска област, на ден ----- година, преку веб страната на Судскиот совет, било соопштено дека ќе се одржи -----та седница на ден ----- година, во кое како ----- точка било предвидено да биде, Избор на 10 (десет) судии на Апелациониот суд Скопје, од кои 6 (шест) судии за граѓанска област и 4 (четири) судии за кривична област. Свесен за тоа дека од денот на објавување на огласот (----- година) до извршениот избор (----- година), односно за неполн месец била спроведена целата постапка и бил именуван за ----- на -----, а за да не остави никаков сомнеж по однос на неговата посветеност на судиската функција како приоритет, на ден ----- година до Судскиот совет на РСМ, лично доставил писмено Известување и изјава во врска со изборот на 6 (шест) судии на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област.
На ден ----- година, во текот на седницата на Судскиот совет на РСМ, во делот на изборот на 6 (шест) судии на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област, откако била

утврдена конечната ранг листа на кандидатите за избор на 6 (шест) судии на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област, а која листа сеуште подносителот ја немал примено, во моментот кога се отворила расправата за изборот на кандидатот под реден број -----, т.е. подносителот, се отворила дискусија од дел од членовите на Судскиот совет на РСМ, почнувајќи од членот на Судскиот совет кој што воедно членува и во Управниот одбор на -----, кои го оспориле неговиот (не)избор дека наводно „.. веќе го извршил изборот, односно сакал да биде -----...“, поради што со ----- гласови „ЗА“ и ----- гласови „ПРОТИВ“, истиот не бил избран за судија во Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област. По завршување на седницата биле донесени Одлуките под: бр. ----- од -----година, за избор на ----- за судија на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област; бр. -----од -----година за избор на ----- за судија на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област; бр. -----од -----година за избор на -----за судија на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област; бр. -----од -----година за избор на -----за судија на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област: бр. ----- од ----- година за избор на -----за судија на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област; бр. ----- од -----година за избор на ----- за судија на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област.

Следствено, подносителот истакнува дека во конкретниот случај, со ниту еден закон, а посебно со Законот за судовите и Законот за Судскиот совет на РСМ не е предвидено дека постои (директен и/или индиректен) конфликт на интереси со други дејности или имотни состојби. Посочува дека во Законот за судовите и Законот за Судскиот совет на РСМ, јасно се наведени околностите под кои на избран или именуван судија може да му мирува судиската функција. Ова подразбира дека не постои законска пречка или ограничување за кандидирање и избор за судија во повисок суд, во ситуација кога кандидатот врши друга функција, за која со закон е предвидено мирување на судиската функција, притоа укажува и се повикува на член 5 и член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е предвидено.

Истакнува дека со така донесените одлуки, сторена е дискриминација од страна на Судскиот совет на РСМ по основ на етничката припадност, и личниот или општествениот статус. Според него, во случај кога одлуката за унапредувањето односно изборот на судија во повисок суд не е базирана на објективни критериуми и заслуги, туку постои различен третман кој е директно поврзан со неговата етничка припадност, од една страна, како и вршењето на функцијата ----- на ----- согласно законот, како личен или општествен статус, од друга страна, истите не можат да бидат основи за неизбор за судија во повисок суд, односно дека тоа значи дека во конкретниот случај е сторена дискриминација по однос на наведените заштитени основи.

По однос на етничката припадност, во конкретниот случај, подносителот, припадник на ----- етничка заедница, бил избран за судија во Основниот суд ----- во 2010 година, и до моментот на објавување на огласот за избор на 6 (шест) судии во Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област, имал судиски стаж од 10 години и 9 месеци (без притоа да се смета и времето поминато како -----на -----), со освоени максимални оценки од двете последни оценувања и без никакви дисциплински постапки поведени против него. Иако бил рангиран на ----- та позиција, Судскиот совет избрал други кандидати за судии

во повисок суд, кои во ранг листата се наоѓале после него, т.е. под редниот број -----, меѓу кои и судии од македонската етничка заедница (или друга етничка припадност различна од -----), кои имале помал број на освоени поени според усвоената Методологија за бодување на Судскиот совет. Ова значи дека одлуките за избор на судиите -----, кои се наоѓале после него во ранг листата, не се базирани на објективни критериуми и заслуги, туку дека постои различен третман кој е директно поврзан со етничката припадност на која му припаѓа подносителот.

Понатаму, по однос на личниот или општествениот статус, Судскиот совет на РСМ го избрал судијата -----за судија на Апелациониот суд Скопје, иако е од истата етничка припадност како и подносителот, но со очигледно многу помал број на освоени вкупни поени од подносителот според усвоената Методологија за бодување на Судскиот совет на РСМ. Подносителот се наоѓал на ------та, а избраниот судија на ------та позиција. Со таквото постапување била загрозена објективноста, транспарентноста и еднаквиот третман во процесот на избор на судии во повисок суд. Наведува дека повикувањето на дел од членовите на Судскиот совет дека од страна на подносителот „... веќе бил направен изборот, односно тој сакал да биде ----- на -----, а не судија", или, „... ова не е дискриминација дека бил избран до овој момент ... си продолжил со ова постапка ... иако имал можности да се откаже", укажуваат дека во конкретниот случај е сторена дискриминација и врз основа на личниот или општествениот статус. Според него, именувањето за ----- на ----- е директно искористено против неговиот избор, а во таква околност се фаворизирани останатите кандидати, а посебно е фаворизиран припадникот од истата етничка заедница, -----, кој се наоѓал на ------та позиција, односно ----- позиции подолу, со очигледно помал број на вкупно освоени поени од подносителот. Истакнува дека спротивно на ваквото постапување на Судскиот совет, во друг сличен случај, односно при изборот на судии во Врховниот суд на Република Северна Македонија, за граѓанска област, Судскиот совет на истата ------та седница, во потполно ист состав како при изборот на судиите во Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област, не извршил избор на кандидатот под реден број ----- од вкупно четири пријавени кандидати, -----, судија на Апелациониот суд -----, поради тоа што истиот наводно имал помал број на освоени поени од прворангираниот кандидат, а претходно не биле избрани кандидатите под реден број ----- и -----, иако согласно објавениот оглас требало да се изберат вкупно двајца судии на Врховниот суд на РСМ.

Дополнително истакнува дека сторена е дискриминација по основ на личниот или општествениот статус, и кога Судскиот совет на седницата одржана истиот ден, во делот на изборот на 4 (четири) судии во Апелациониот суд Скопје, во кривична област, го избрал кандидатот под реден број -----, -----, кој што во моментот на изборот ја вршел функцијата ----- Скопје. Во ситуација кога постои очигледен различен третман на кандидатите кој е директно поврзан со личниот или општествениот статус, т.е. кога едниот ја врши функцијата ----- и Судскиот совет е запознаен со таа околност, а другиот ја врши функцијата ----- на -----, но, првиот се избира за судија во Апелациониот суд Скопје, за кривична област, а други не се избира за судија во Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област, недвосмислено упатува на тоа дека повторно е сторена дискриминација по овој заштитен основ. Наведува дека иста или сосема слична

ситуација со ова била и ситуацијата кога на ------та седница на Судскиот совет на РСМ од ----- година, во делот на избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, во граѓанска област, за судија на овој суд бил избран судијата -----, кој во моментот на извршениот избор ја вршел функцијата ----- Скопје, но иако оваа околност им била позната на членовите на Судскиот совет, сепак за нив тоа не претставувало никаква пречка и/или ограничување да го изберат за судија во повисок суд.
Во прилог на претставката во копии доставува: -----

Судскиот совет на РСМ на 18.08.2025 година, се произнесе по наводите на претставката со допис заведен под бр. -----. Истакнуваат дека согласно член 9 од Уставот на РСМ граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви. Согласно член 45 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ број 58/2006, 35/2008, 150/10, 83/18, 198/18 и “Службен весник на РСМ“ бр.96/19) за судија може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови. - да е државјанин на Република Македонија, - активно да го владее македонскиот јазик, - да е работоспособен и да има општа здравствена способност што се докажува со лекарска потврда, - завршени правни студии со стекнати 300 ЕКТС или М/ степен на образование од областа на правните науки или нострифицирана диплома од правни студии во странство за стекнати 300 кредити, - да има положено правосуден испит во Република Македонија, - да познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски), - во моментот на изборот со правосилна пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност за дело поврзано со вршење на правна професија или за друго кривично дело за кое е предвидена казна затвор од најмалку шест месеци, - практична работа со компјутери и - да ужива углед, да поседува интегритет за вршење на судиската функција и да поседува социјални способности за вршење на судиската функција, за што се спроведуваат тестови за интегритет и психолошки тестови. Согласно член 46 став 1 т. 3 и 4 од истиот закон, посебни услови за избор на судија на апелационен суд е да лицето има работно искуство од најмалку шест години непрекинат стаж како судија во основен суд, Управен или Виш управен суд до моментот на пријавување на изборот, кое од страна на Судскиот совет на Република Македонија е оценето со позитивна оцена, согласно со Законот за Судскиот совет на Република Македонија; или работно искуство од најмалку четири години непрекинат стаж како судија во друг апелационен суд до моментот на пријавување на изборот, кое од страна на Судскиот совет на Република Македонија е оценето со позитивна оцена, согласно со Законот за Судскиот совет на Република Македонија. Понатаму, наведуваат дека Согласно со членот 1 од Законот за Судскиот совет на РСМ (“Службен весник на РСМ“ бр.102/19), со овој закон се уредуваат постапката за изборот на Судскиот совет на Република Македонија, начинот на остварување на неговите функции, изборот, престанокот и разрешувањето на судија и судија поротник, дисциплинската постапка за утврдување на дисциплинската одговорност на судиите, постапката за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција,

следењето и оценувањето на работата на судиите, начинот на работа и одлучување и други прашања поврзани со работата на Судскиот совет на Република Македонија. Согласно член 48 став (1) од истиот закон, Советот избира судија во Апелационен суд, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Северна Македонија од пријавените кандидати на огласот што ги исполнуваат условите и критериумите предвидени во Законот за судовите и овој закон на начин што пријавените кандидати ги рангира според потребната специјализација за пополнувањето на судиско место. Во ставот (2) од истиот член, Советот за судија ќе избере лице кое има највисоки стручни и професионални квалитети, кое ужива углед во вршењето на судиската функција, а врз основа на следниве критериуми. 1) стручното знаење и специјализација во струката и учеството во континуирана обука; 2) позитивна оценка во работењето; 3) способност за усно и писмено изразување, што се огледа преку изготвените одлуки и судското стручно дејствување; 4) преземањето дополнителна работа во вршење на судиската функција со учество во решавање на заостанати предмети; 5) преземање дополнителна работа при вршење на судиската функција преку менторство, едукација и слично и 6) должина на судиски стаж. (3) Доколку кандидатот е од редот на судиите, Советот прибавува мислење од судот. (4) Претседателот на судот врз основа на одржаната седница на судиите го доставува мислењето до Советот. (5) Начинот на рангирање на кандидатите го уредува Советот со подзаконски акт. (6) Рангирањето на кандидатите го врши комисија формирана од тројца членови на Советот со право на глас, избрани по пат на ждрепка. Согласно член 49 став (1) од истиот закон, за избор на судија, Советот расправа и одлучува на седница на која присуствуваат најмалку осум гласови од членовите на Советот со право на глас. (2) За судија е избран кандидатот кој добил најмалку осум гласови од вкупниот број на членови на Советот со право на глас. (3) Секој член на Советот со право на глас е должен усно на седница на Советот да ја образложи својата одлука за избор на судија. (4) Советот е должен писмено да го извести секој кандидат за одлуката за избор на судија. (5) Кандидатот кој не е избран за судија има право на жалба во рок од осум дена од приемот на известувањето до Советот за жалба при Врховниот суд на Република Северна Македонија, на начини постапка уредени со овој закон. Согласно член 50 став (1) од законот, кога Советот избира судија и претседател на основен суд и апелационен суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 209: од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, одлучува согласно со членот 49 од овој закон, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија. Согласно член 23 став 1 од Деловникот за работа на Судскиот совет (“Службен весник на РСМ“ бр.274/19, 186/20, 5/23 и 117/24) „Советот при избор на судија расправа и одлучува редоследно, согласно ранг листата на кандидати според потребната специјализација.(2) Секој член на Советот со право на глас има право да "се произнесе за кандидатот пред гласањето за истиот. 3) Доколку прворангираниот кандидат на листата при гласањето не го добие потребниот број на гласови, се гласа .. редоследно за следните кандидати од ранг листата. (4) За судија е избран кандидатот кој добил најмалку осум гласа од вкупниот број на членови на Советот со право на глас. (5) Секој член на Советот со право на глас е должен усно на

седницата на која се врши избор на судија да ја образложи својата одлука за избор или неизбор на судијата. (6) Одлуките треба да бидат индивидуализирани, да се засноваат на објективни стандарди, да бидат конзистентни и компаративни. (7) За извршениот избор сите кандидати се известуваат писмено, на адресата наведена во пријавата за огласот. (8) Кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од осум дена од приемот на известувањето до Советот за жалба при Врховниот суд на РСМ. (9) Одлуката за извршениот избор се објавува на веб страницата на Советот, а по правосилноста и во "Службен весник на Република Северна Македонија".".

Следствено, наведуваат дека со одлука на Советот распишан бил оглас за избор на 10 судии на Апелационен суд Скопје од кои 4 судии за кривична област и 6 судии за граѓанска област, објавен во "Службен весник на ----- година.

На ------та седница на ден -----година, Судскиот совет донел одлука бр. -----од -----година со коа формира Комисија за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд по огласот за избор на судии во Апелационен суд Скопје, во состав од три члена на Советот. На објавениот оглас за избор на 6 судии на Апелациониот суд Скопје за граганска област се пријавил и кандидатот м-р -----, судија на Основен суд ----- (во мирување), -----на -----.

По спроведена постапка за рангирање на пријавените кандидати по огласот кои ги исполнуваат условите а кои аплицирале на огласот , кандидатот м-р ----- по извршено бодување од страна на Комисијата за рангирање при Судскиот совет бил рангиран под реден број ----- со -----бода. Незадоволен од рангирањето изјавил жалба која Советот делумно ја усвоил и бил рангиран со реден број ----- со -----бода , по што Комисијата доставила Извештај со конечна ранг листа на кандидати за избор на судии во Апелациониот суд Скопје за граѓанска област. Постапувајќи по конечната ранг листа Судскиот совет на седницата на ден -----година спровел гласање редоследно по усвоената ранг листа, а по кое гласање кандидатите кои го добиле потребното мнозинство биле избрани за судии на Апелациониот суд Скопје за граѓанска област.

Истакнуваат дека при гласањето кандидатот м-р ----- не го добил потребното мнозинство гласови а во смисла на член 49 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ за да биде избран за судија, кандидатот треба да добие најмалку осум гласови од вкупниот број на членови со право на глас, по што Советот продолжил со гласање за следиот кандидат од ранг листата и по извршено гласање, потребното мнозинство го добиле и биле избрани 6 кандидати од ранг листата на кандидати за судии на Апелациониот суд Скопје за граѓанска област.

Посочуваат дека согласно на член 49 став (3) од законот, секој член на Советот со право на глас усно на седницата ја образложува својата одлука за избор на судија.

При одлучување за избор на судии, истакнуваат дека Советот ја ценел ранг листата и постапил согласно овластувања од одредбите од Законот за судовите и Законот за Судскиот совет на РСМ, како и подзаконските акти, кога ја образложил својата одлука за избор.

Подносителот на претставката како кандидат кој не е избран за судија на Апелациониот суд Скопје во смисла на членот 49 став 5 од Законот за Судскиот

совет на РСМ поднел жалба и до Советот за жалби при Врховниот суд на РСМ, кој со решение ----- од ----- година, жалбата на кандидатот м-р ----- се одбива како неоснована.
Па според нив, не може да стане збор за дискриминација по етничка припадност како се наведува во претставката кога овој кандидат по спроведена законита постапка бил рангиран на листата на кандидати за избор на ----- место со ----- поени. Во однос на извршениот избор на судии со кој како наведува дека има повреда на личниот и општествен статус, Советот изборот на кандидатите го правел со гласање редоследно по ранг листата согласно овластувања од Законот за судовите и Законот за Судскиот совет на РСМ при одлучувањето за изборот на судии. На крај истакнуваат дека предвид наведеното, наводите од претставката за сторена дискриминација се неосновани.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено **лице или група на еднаква основа со други**.

Во согласност со член 8 став 1 од Законот, дискриминацијата е директна кога **со едно лице или со група** се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно **во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа**.

Оттука, за да постои дискриминација првенствено треба да се утврди постоење на фактичка состојба во која едно лице или група на лица е во нееднаков третман или кон него или нив се постапувало, се постапува или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група лица. Следствено на тоа, се утврдува и каузалната врска на таквиот нееднаков третман или постапување со определена дискриминаторска основа, односно дека определените дејствија на сторителот на дискриминација се засновани врз некоја од заштитените карактеристики како што се боја на кожа, раса, пол, верско уверување, возраст, етничка припадност, политичко уверување итн. Односно, лицето или групата на лица кои трпат дискриминација, врз основа на заштитната карактеристика која ја поседуваат треба да се издвојуваат од лицето или групата на лица со кои се споредуваат, а доколку заштитната

карактеристика ја споделуваат двете лица или групи на лица отсуствува споредлива ситуација.

Имајќи го во предвид наведеното, Комисијата од изнесените факти и околности на двете страни во постапката, не најде постоење на релевантен дискриминаторски основ и постоење на релевантна споредлива ситуација. Во отсуство на такви факти, не може да стане збор за сторена дискриминација во согласност со членот 5, а во врска со членот 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, во однос на личното својство и општествен статус кој е наведен од подносителот како дискриминаторски основ, од истакнатото во претставката, од одговорот на Советот и од околностите кои произлегуваат од седницата бр. ----- на Советот, не можеше да се утврди каузална поврзаност на дискриминаторскиот основ со конкретна ситуација и други лица, каде подносителот е нееднакво третиран во однос на истите. Дотолку повеќе што, во конкретната ситуација на подносителот, личното својство и општествениот статус, се однесува и на лицата кои се посочуваат како компаратори, односно и тие ја имаат и ја споделуваат истата заштитна карактеристика како и подносителот (носители на функција како ----- на -----, претседател на Основен суд и сл.), па оттука не може да станува збор за постоење на две групи на лица кои ги разделува дискриминаторски основ правејќи споредлива фактичка ситуација. Односно, во ваквиот случај подносителот би требало друг дискриминаторски основ да го двои од лицата за споредба, упатувајќи на ситуација дека токму поради тој основ е ставен во понеповолна положба и нееднаков третман спрема нив. Во однос на етничката припадност како друг дискриминаторски основ, во отсуство на релевантни податоци за каузална поврзаност и наведени компаратори, Комисијата не најде постоење на дополнителни факти кои би ги поткрепиле тврдењата на подносителот дека истиот е дискриминиран врз основа на припадност на -----, а имајќи го во предвид направениот избор на кандидати и фактите кои произлегуваат од горенаведената седница на Советот.

Согласно горенаведеното, Комисијата утврди дека видно од фактичката состојба не се исполнети елементите кои го исполнуваат битието на противправното дејствие – дискриминација, во смисла на членот 6 и членот 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Оттука, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација,
Заменик претседател,
Зекир Абдулов

*Доставено до:*
1. *Подносителот*
2. *Советот*
3. *Архива на Комисијата*